# Економските перспективи во 2011 год.:
# Оптимизам во Азија и Песимизам во Европа:
## Наоди од водечкиот светски Глобален Барометар

Растечките сили на Азија и Латинска Америка се класификуваат во земји во кои доминираат надежта и тие заземаат 35% од вкупниот скор за надежите на граѓаните во светот за идната 2011; Г7 земјите се песимистични со резултат одминус (-) 19% од вкупниот скор на надеж. Глобалното истражување го потврдува поместувањето на моќта и просперитетот од земјите членки на Г7 на новите членки на Г20

***Цирих, 22 Декември 2010*** — Како што новиот век влегува во неговата втора деценија, обата податока како економските така и перцепцијата на граѓаните сугерираат дека, богатството иако сè уште е сконцентрирано во Европа и Северна Америка, моќта и просперитетот на дваесетиот век се поместува од Запад кон Исток. Ова се главните наоди на едно од најголемите глобални истражувања што опфаќа 53 држави низ сите континети, вклучувајќи ги и сите земји членки на Г7, четрите држави на новите сили BRIC и 42 други држави од Азија, Африка, Европа, Латинска Америка и Австралија. Примерокот опфати повеќе од 64000 мажи и жени избрани врз база на научно репрезентативни примероци кои беа интервјуирани од страна на водечките истражувачки агенции кои се дел од Gallup International. Ова е второ глобално истражување на групацијата Gallup International спроведено и објавено во текот на овој месец. Првото истражување се однесува на Перцепцијата на Корупцијата, и истото Gallup Групацијата го реализираше за Transparency International.

Клучното прашање во ова глобално истражување беше следново: **Дали сметате дека 2011 година ќе биде година на економски просперитет, економски потешкотии или ситуацијата ќе остане непроменета.** На глобално ниво 30% од светската популација очекува дека 2011 ќе биде година на економски просперитет, 28% од граѓаните на светот очекуваат тоа да биде година на економски потешкотии, додека 42% сметаат дека економската ситуација ќе остане непроменета.* Граѓаните кај кои постои надеж се за 2% побројни од оние кај кои што преовладува песимизмот. Тоа е вкупниот глобален скор за надежите на граѓаните во светот. Но како и многуте други добри работи во животот така и надежта не е рамномерно распределена низ светот. Резултатите покажуваат дека глобално надежта е високо концентрирана меѓу растечките нови економски сили, т.н. BRIC - Бразил, Русија, Индија и Кина. Скорот на надежта за оваа група е 35%. Постои остар контраст на овој скор со скорот на надежите кај богатите земји на светот, познати како Г7 (САД, Канада, Германија, Франција, Велика Британија, Италија и Јапонија) каде што постои негативен скор од: -19%. Меѓу нив, песимистите (36%) ги надминаа оние кои се исполнети со надеж (17%) за 19%.

Резултатите од истражувањето во Македонија покажуваат дека 21% од анкетираните граѓани мислат дека 2011 ќе биде година на економски просперитет, 42% дека ќе биде иста, 34% мислат дека 2011 ќе биде година на економски тешкотии додека 3% одговориле дека не знаат каква ќе биде 2011.

**Глобален Барометар на надежта и безнадежноста:** Традицијата да се прашуваат граѓаните во светот каква е нивната оценка за годината што заминува и какви се нивните

очекувања за следната година, иницирана под претседателството на д-р Џорџ Галуп во 1977 и која од тогаш се спроведува секоја година покажува дека од 53 анкетирани земји оваа година 19 може да се класифицираат како земји со **надеж,** додека 34 можат да се перцепираат како **песимисти.** Но, донекаде е шокантен фактот дека повеќето од богатите нации во светот спаѓаат во **Црвената Група** - висок приход по глава на жител, но низок просек на скор на надеж за 2011, додека **Зелената Група** е претежно составена од држави со ниски приходи по глава на жител. Зелените во споредба со Црвените се со ниски приходи по глава на жител но со висок скор на надеж. Исто така постои и трета група на држави кои за жал имаат и ниски приходи по глава на жител и низок скор на надеж за 2011. Во анализата на истражувањето тие се наречени **Жолта Група**. Во оваа група спаѓа и Македонија.
Во целина од 53 анкетирани земји, 15 припаѓаат во Зелената група, 14 во Црвената група и 20 во Жолтата група. За среќа има и мал број на земји кои имаат квалификации да бидат класификувани во **Виолетовата Група.** Тие имаат и висок скор на надеж и висок приход по глава на жител. Во оваа група вкупно припаѓаат 4 земји, од кои 3 се Скандинавски земји (Шведска, Финска, Данска) и Швајцарија.




## Можност за вработување: 45% се плашат од невработеност

Во истражувањето исто така се постави и прашањето за стравот од невработеноста. 45% од анкетираните во сите земји каде е спроведено истражувањето стравуваат дека невработеноста може да се зголеми во нивните земји во 2011 година. Спротивно на ова, 27% веруваат дека невработеноста ќе се намали, додека 23% очекуваат состојбата со невработеноста да остане иста како и оваа година. Останатите 5% не одговориле на ова прашање.

Во Македонија  исто така 45% од анкетираните очекуваат бројот на невработени да се зголеми, 27% очекуваат дека бројот на невработените ќе остане ист, а 24% очекуваат бројот на невработени да се намали и 4% одговориле дека не знаат.

**Севкупно надеж и безнадежност: На глобално ниво 42% од испитаниците имаат оптимистичка перспектива; 19% се песимисти.**

И конечно одговорите од глобалното прашање: **Дали мислите дека 2011 година ќе биде подобра, полоша или иста како 2010**, добар дел од земјите во светот делат една оптимистична перспектива, 42% во просек од анкетираните во светот велат дека очекуваат 2011 година да биде подобра, 19% мислат дека ќе биде полоша, додека 32% веруваат дека ситуацијата ќе остане непроменета. Останатите 5% од анкетираните не дале одговор на ова прашање.
Во Македонија една третина (33%) мислат дека 2011 ќе биде подобра од 2010, 34% сметаат дека ќе биде иста и 30% дека ќе биде полоша од 2010, а 2% не дале одговор на ова прашање.

**ЛИНКОВИ ЗА ДОПОЛНИТЕЛНИ ИНФОРМАЦИИ:** Следниве информации се веќе поставени и со кликање на името на земјата можете да добиете пристап до:

1. Тренд податоци за соодветната земја. Ќе можете да ги видите резултатите од Глобалниот Барометар (1977-2010) за сите години кога истражувањето било спроведено во таа земја.

2. Основен профил на земјата, вклучувајки население, приход по жител и мапа.

**МЕТОДОЛОГИЈА НА ИСТРАЖУВАЊЕ:**

Наодите се засновани на одговорите на примерок од повеќе од 64,000 репрезентативно селектирани мажи и жени од сите социо-економски класи низ светот. Интервјуата беа спроведени од страна на  водечките истражувачки агенции во сите земји на Г7, четирите BRIC земји и уште 42 други земји со кои беа опфатени делови на Азија, Африка, Европа, Латинска Америка и Австралија.

Маргините на грешка за националните примероци генерално се ±3-5% со ниво на доверба од 95% (во Македонија се анкетирани 1213 граѓани, а маргината на грешка изнесува ±2.8%). Теренската работа беше спроведена во Октомври-Декември, 2010 (во Македонија истражувањето го спроведе БРИМА Македонски член на Gallup International Association во втората половина на Октомври 2010). Деталите за начинот наспроведување на теренската работа се дадени во Методолошкиот Извештај. Посебниот детален статистички извештај вклучувајќи ја и постапката за пресметување на вкупниот скор на надежта и безнадежноста се достапни по барање.

За понатамошни детали, ве молиме обратете се на :

Dr. Ijaz Shafi Gilani: Email: gilani@gallup.com.pk
Ms. Rushna Shahid: Email: ruhsna.rhahid@gallup.com.pk

**Забелешки:**

1- *Приходот по глава на жител е базиран на проценките на Светската Банка за 2009 година, со еден исклучок каде што проценките се за 2008 година (Швајцарија)
2- * Вклучени во овие резултати се и оне 5% кои не дадоа конкретен одговор.

**Општи услови :** Gallup International Association или нејзините членки не се поврзани со Gallup Inc., со седиште во Washington DC која повеќе не е член на Gallup International Association. Gallup International Association не прифаќа одговорност за анкети на јавното мислење освен за оние направени од нејзините членки. Нашите истражувања целосно припаѓаат на Gallup International (не Gallup или Gallup Poll). За понатамошни детали видете го веб-сајтот*:* *www.Gallup-international.com*

БРИМА е Македонски член на Gallup International Association од 2002 година.